**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-3662/**

# З А П И С Н И К

**Од 252.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 12.06.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов**(скајп),**,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани**(скајп),**,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим**,**м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**(скајп),.**

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Анета Андонова-Главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ,Мерита Гаши-Главен и одговорен уредник на Втор програмски сервис на МТВ и Стојан Трпчевски-Уредник на информативна програма во МТВ.

Седницата започна во 14.30 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 251.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Информација за влијанието на Изборниот законик и другите правни прописи врз обврските, стандардите и начелата на работењето на ЈРП МРТ со предлог заклучоци.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 251.седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 251.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

По расправата записникот од 251.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.

Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 251.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Информација за влијанието на Изборниот законик и другите правни прописи врз обврските, стандардите и начелата на работењето на ЈРП МРТ со предлог заклучоци.**

Воведно излагање по оваа точка имаше Ристе Панов кој пред присутните посочи дека во Извештајот на ААВМУ за Изборната кампања за Парламентарните избори 2024 година која траеше од 18 април до 6 мај 2024 изборното медиумско претставување преку програмските сервиси од Македонската радио телевизија е уредено со посебни услови од членот 76-а во Изборниот законик, според кои се бара времетраењето на централното издание на ТВ Дневникот да биде процентуално поделено на следниов начин: *- 30 отсто прилози (време во вестите) за активностите на политичките партии од власта; - 30 отсто прилози за активностите на политичките партии од парламентарната опозиција; – 10 отсто прилози за активностите на политичките партии без претставник во Собранието и – 30 отсто прилози за настани од државата и од светот*. На овие услови е адаптирана и Методологијата за мониторингот на АВМУ. Агенцијата, и во претходните изборни циклуси **експлицитно посочи дека така наметната законска принуда е повеќекратно ограничување на новинарската слобода** – и при редакцискиот избор релевантни општествено-политички теми и при изборот сообразен новинарски жанр за нивно обмислување – така што, на пример, редакцијата на ТВ Дневникот е уредувачки принудена исклучиво да регистрира, без можност да анализира одредено општествено-политичко случување, ситуација и/или состојба.

Истовремено, законската обврска дека во рамките на секоја од трите целини од дневноинформативните емисии во кои се известува за изборите (30%+30%+10) времето ќе биде распределено следејќи го принципот на баланс (пропорционалност меѓу учесниците во изборната кампања со ист број листи со кандидати за пратеници) резултираше токму со суштински дисбаланс – како што е објаснето подолу во наодите од мониторингот.

Имајќи ја во предвид оваа експлицитна констатација од мониторингот на Агенцијата за Аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во кое се дефинира дека има повеќекратно ограничување на новинарската слобода, оваа е во спротивност со членовит 110 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во делот на должноста на МРТ при производство на програма треба да придонесува за создавање и развој на слободното мислење и информирање на јавноста, потоа МРТ треба да обезбеди постојано, вистинито, целосно, непристрасно, праведно и навремено информирање создавајќи и емитувајќи високо квалитетни програми за сите важни политички, економски, социјални, здравствени, културни, образовни, научни, религиски, еколошки, спортски и други настани и случувања и друго.

Како и во спротивност со член од 111 од стандардите и начелата на работењето на МРТ дефинирани во ЗАВМУкои се однесуват на начелата на се придржуваат кон начелото на вистинитост, непристрасност и сеопфатноста на информациите. Потоа за должноста да се придржуваат кон начелото на политичка избалансираност и плурализам на гледишта, да се обезбедуваат непристрасни, сеопфатни и важни информации и истите да ги презентираат јасно, недвосмислено и на начин на кој граѓаните ќе имаат можност слободно да го формираат своето мислење.Како и да се придржуваат кон начелото на политичка независност и автономија на новинарите.

Имајќи во предвид надлежностите на Програмскиот совет на МРТ предвиден во член 124 став 1, каде Програмскиот совет го следи исполнувањето на програмските обврски, начелата и стандардите утврдени во овој закон, односно толку членовите 110 и 111 , бараме да се добие информација од уредниците за потврда на констатација на Агенцијата и советот да донесе одредени залкучоци по однос на потребата од измена за Изборниот законик.
Во продложение свое излагање по горенаведеното дадоа и Анета Андонова-Главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ, Мерита Гаши-Главен и одговорен уредник на Втор програмски сервис на МТВ и Стојан Трпчевски-Уредник на информативната програма во МТВ, и заедносо членовите на Програмскиот совет беше предложен Заклучок:

●Програмскиот совет на МРТ донесе заклучок за потребата од измени на Изборниот законик во делот што се однесува за Јавниот радиодифузен сервис утврден во член 76-а , за бришење на став 2 и за став 12бришење на целиот став или скратување на рокот, наместо од денот на распишување на изборите, да стои од денот на почетокот на изборната кампања, утврдено во следните постојни одредби:
(2) За време на изборната кампања Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија и за независните кандидати.
(12) Од денот на распишување на изборите до нивно завршување, во известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања во програмите на радиодифузерите не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.
Програмскит совет констатира дека одредбите од член 76-а ставовите 2 и 12 се во спротивност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односного ограничуват работењето на јавниот сервис во делот на должноста на МРТ каде при производство на програма треба да придонесува за создавање и развој на слободното мислење и информирање на јавноста утврдено во член 110 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а е во спротивност и со член од 111 во кој се дефинират  стандардите и начелата на работењето на МРТ.
Ограничувања и дисбаланс постои во делот застапување на содржините со временско пропорционално ограничување за емитување за дневните настани од земјата и светот. Потоа, последните претседателски избори покажа неисбалансираност за временското претставување на кандидатите, каде 30% од времето на емитување делеа 2 кандидати за претседател на РСМ од власта, а 4 кандидати го делеа истото време како кандидати од опозицијата, односно законот прави дисбаланс кога бројот на пријавени кандидати во изборната трка е поголем или од страна на опозицијата или од власта. Ограничување постои после распишување на изборите, каде има ограничување на емитување на содржини од јавен интерес во кои треба да бидат претставени или се вклучени органи на државна власт, локалната самоуправа и други.
Програмскиот совет на МРТ својот заклучок го темели и на исказите на главните уредници на програмските сервиси МТВ 1 и МТВ 2 и на уредникот на информативната програма, коипрактично се соочуват со потешкотии при реализацијата на овие посочени законските одредби. Истоа така, заклучокот е потврден и во Извештајот на Агенцијата за аудио и аудио визуелни медиумски услугиза изборното медиумско претставување за парламентарните избори 2024 година за периодот од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај, исто така се констатира дека со тие законски одредби од Изборниот законик постои повеќекратно ограничување на новинарската слобода и продуцирање на дисбаланст во медиумското претставување на учесниците во изборната кампања со процентуалното ограничување, за истот го цитираме:

Агенцијата, и во претходните изборни циклуси експлицитно посочи дека така наметнатата законска принуда е повеќекратно ограничување на новинарската слобода – и при редакцискиот избор релевантни општествено-политички теми и при изборот сообразен новинарски жанр за нивно обмислување – така што, на пример, редакцијата на ТВ Дневникот е уредувачки принудена исклучиво да регистрира, без можност да анализира одредено општествено-политичко случување, ситуација и/или состојба. Истовремено, законската обврска дека во рамките на секоја од трите целини од дневноинформативните емисии во кои се известува за изборите (30%+30%+10) времето ќе биде распределено следејќи го принципот на баланс (пропорционалност меѓу учесниците во изборната кампања со ист број листи со кандидати за пратеници) резултираше токму со суштински дисбаланс.“
Имајќи го во предвид оваа, Програмскиот совет на МРТ укажува дека потребни се измени на Изборниот законик во делот што се однесува за Јавниот радиодифузен сервис утврден во член 76-а , за бришење на став 2 и за став 12 бришење на целиот став или скратување на рокот, наместо од денот на распишување на изборите, да стои од денот на почетокот на изборната кампања.
Јавниот сервис пред секои избори донесува Правилник со правила за медиумско покривање на изборите, утврдено со член 76-а став 10, кои го донесува во консултација со учесниците на изборниот процес, ААВМУ и јавно се објавуват на веб страната на МРТ заради јавност, а исто така го разгледува и Програмскиот совет на МРТ. Затоа се потребни предложените законски измени, за да може по принципот на саморегулација јавниот сервис сам да ја регулира избалансираноста и застапувањето на политичките субјекти во изборниот процес преку почитување на одредбите од Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги посебно од членовите 110 и 111, преку донесување на Правилник за медиумско претставување со вклучување на засегнатите страни при неговото донесување и слично. Саморегулација која се темели на европските нормативи.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 15.30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател